# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1. РЕЗИМЕ | 5 |
| 2. ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА | 6 |
| ЦАРИНСКА ТАРИФА | 7 |
| АКЦИЗИ | 7 |
| ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ | 7 |
| УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИ | 9 |
| УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЗАКОНОТ ЗА ОПШТАТА ПОСТАПКА | 9 |
| 3. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА | 10 |
| ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ЕУ | 10 |
| ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ НА ЕУ И ЕФТА ЗЕМЈИТЕ | 10 |
| ЦАРИНА 2020 - ПРОГРАМА НА ЕК | 11 |
| TAIEX | 12 |
| EXBS | 12 |
| ИПА ПРОЕКТИ | 12 |
| 4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | 14 |
| ОСНОВИ | 14 |
| МЕРЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА КЛИМА НА РАБОТНОТО МЕСТО | 14 |
| ВРАБОТУВАЊЕ | 15 |
| ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ | 16 |
| ИНТЕГРИТЕТ | 18 |
| ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | 19 |
| СИНДИКАЛНИ АКТИВНОСТИ | 20 |
| 5. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ | 22 |
| ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ И АКЦИЗНИТЕ ПОСТАПКИ | 22 |
| Е-ЦАРИНА | 24 |
| ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО НА СТОКИТЕ | 26 |

ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА И ЛИЦЕНЦИ 26
ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ 27
ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ 27

6. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ 29
УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ 29
ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА 30
ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА 35
РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА ПО ЦАРИНЕЊЕ 35
КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ И ПРИЈАВИ ЗА ЦАРИНСКИ, ДЕВИЗНИ И АКЦИЗНИ ПРЕКРШОЦИ 35
УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ 36
ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ 36

7. НАПЛАТА НА ПРИХОДИ 38
НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ 38
РЕШЕНИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАПЛАТА НА УВОЗНИ И АКЦИЗНИ ДАВАЧКИ 40

8. ТРАНСПАРЕНТНОСТ 41
ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ 41
ЦАРИНСКА СОРАБОТКА 45
СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА 45
СКЛУЧЕНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА 46
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 47

# 1. РЕЗИМЕ

***И во 2015 година, Царинската управа успешно ја реализираше својата визија и мисија на модерен и ефикасен сервис на граѓаните, економските оператори и државата.***

Република Македонија стана дел од транзитниот систем на Европската Унија. Со пристапувањето на Македонија кон Конвенциите за заедничка транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока се обезбедува единствено движење на стоката во рамките на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка, без разлика на тоа низ колку држави и гранични премини стоката треба да транзитира.

Како резултат на посветената реализација на економските политики на Владата на Република Македонија за одржување и унапредување на конкурентниот економски амбиент, преку постојано предлагање и спроведување на мерки за олеснување на трговијата и транспортот, во најновиот Извештај Doing Business, Република Македонија кај индикаторот Услови за прекугранично тргување (Trading Across Borders) е рангирана на високото 26 место помеѓу 189 земји во светот, што претставува скок од 101 место во однос на 2007 година, кога Република Македонија беше рангирана на 127 место.

Притоа, ни за момент не заборавајќи ја својата традиционална улога на заштитник на финансиските интереси на државата, преку обезбедување на навремено и ефикасно прибирање на буџетските приходи, Царинската управа во 2015 година наплати 67.233,72 милиони денари, односно 6,6% повеќе приходи во однос на 2014 година, а 1,8% повеќе во однос на планираните приходи за 2015 година.

Успешната реализација на активностите во насока на пристапување кон Европската Царинска Унија е нотирана во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во пристапувањето кон ЕУ, објавен во ноември 2015 година, во кој за Поглавјето 29 - Царинска унија Република Македонија е оценета со висока четворка, со заклучок дека земјата има остварено добар напредок во претходната година и има достигнато добро ниво на подготвеност во делот на Царинска унија.

Во Извештајот на Државната комисија за спречување на корупцијата за остварување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судир на интереси 2011-2015 година е нотирано дека од вкупно 11 сектори, Царинската управа има највисок степен на реализација на активностите.

Успесите во нашата работа не се случајни и не доаѓаат преку ноќ. Тие се резултат на повеќегодишна, фокусирана, трпелива и тимска работа на стручните луѓе во Царинската управа.




# 2. ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА

***Во 2015 година беа донесени измени на Царинскиот закон со кои се изврши одложување на примената на одредбите за влезна и излезна збирна декларација, а кои се употребуваат во земјите членки на ЕУ сé до влегувањето на Република Македонија во ЕУ.***

Со оваа измена се усогласи и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, а беа донесени и следните измени и дополнувања на Уредбата:

- се утврдија правилата кои ќе се применуваат за поединечната транзитна гаранција за повеќекратна употреба;
- продолжен е рокот на важност на одобрението за постапка на увоз за облагородување од 9 на 12 месеци за имателите на одобренија кои ги исполнуваат економските услови;
- се одложи примената на одредбите за задолжителна електронска извозна декларација;
- во насока на олеснување на трговијата и обезбедување на рамноправен пристап на пазарот, се овозможи сите комори да издаваат уверение за потекло ФОРМ А – како доказ за преференцијално потекло согласно Општиот систем на преференцијали.

Во јануари 2015 година донесено е дополнување на Правилникот за задолжителни податоци кои треба да ги содржи записот од евиденцијата и образецот од евиденција. Со дополнувањето на овој Правилник предвидено е во случаите кога се внесува или изнесува домашна стока во и од Технолошко индустриските развојни зони (ТИРЗ) да не се пополнува рубриката предвидена за тарифна ознака, со што значително се олесни постапката на внесување и изнесување на домашна стока во и од ТИРЗ.

Во февруари 2015 година усвоена е измена и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација со која се изврши разграничување помеѓу влезните ветеринарни документи за живи животни и за производи од животинско потекло, при увоз и при транзит.

Во март 2015 година беше објавена измена на Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка, со која е пропишано да не се наплаќа надоместок

за транзитни декларации, согласно меѓународен договор кон кој Република Македонија пристапила или го ратификувала, односно за поднесени и прифатени царински декларации за заедничка транзитна постапка во новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС).

## ЦАРИНСКА ТАРИФА

Во 2015 година беа донесени следните измени и дополнувања во Законот за царинска тарифа:

- се изврши натамошно усогласување на нормативниот дел на овој закон со Регулативата на Советот (ЕЕЦ) бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура и Општа царинска тарифа, со што Република Македонија ја исполнува обврската за транспонирање на националното законодавство утврдена во Националната програма за усогласување на правото на Европската Унија, а воедно се обезбедува и правна основа за еднообразна примена на Царинската тарифа;
- намалени се царинските стапки во 20 тарифни ознаки. Намалувањето на царинските стапки се однесува на говедска кожа, како и на суровини кои се употребуваат во производство на електрични кабловски инсталации, наменети за автомобилската индустрија, а со цел усогласување со висината на царинските стапки во земјите од Југоисточна Европа, како и во насока на подобрување на конкурентноста на македонското стопанство.

Согласно измените на Законот за Царинска тарифа, донесена е Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2016 година. Усогласувањето на Царинската тарифа за 2016 година се однесува на системот на имиња и нумерички ознаки (номенклатурата), единечните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави со Комбинираната номенклатура на Европската Унија. Со хармонизирањето во Комбинираната номенклатура за 2016 година, додадени се 61 нова тарифна ознака, како расчленувања на тарифните подброеви на ХС, додека пак заради намален обем на трговија, избришани се 29 тарифни ознаки.

## АКЦИЗИ

Со цел поголема прегледност и поедноставено ракување, во Службен весник на РМ беше објавен пречистен текст на Законот за акцизите.

Во насока на поедноставување на нанесување на контролните марки (бандероли) на алкохолните пијалоци, се измени и дополни Правилникот за спроведување на Законот за акцизите, при што беа додадени уште два типа на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и алкохол, како и намалување на димензијата на контролната марка за обележување на меѓупроизводи и алкохол од тип 2.

Исто така, беа определени и количинските услови за испраќање на нафтен кокс од акцизен склад.

## ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Во мај 2015 година беше донесен нов Закон за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост. Структурата на Законот е изработена врз основа на новата регулатива на Европската Унија бр. 608/2013. Со истиот се уредуваат условите и постапките за преземање дејствија од страна на царинскиот орган кога постојат оправдани причини за сомневање дека стоката ги повредува правата на интелектуална сопственост, е/ или треба да биде предмет на царински надзор или царинска контрола во царинското подрачје на Република Македонија, согласно царинските прописи во случаите пропишани со овој закон.

Во август 2015 година беше објавена нова Уредба за начинот на распределба на бесплатно отстапена стока од државен орган, како и Образец на извештај за бесплатно отстапена стока од страна на државен орган со која се дефинира процедурата за донирање на стока до најранливите категории (приматели на социјална помош или лица кои се зафатени од последици од елементарни непогоди).

Во јуни 2015 година беше објавен новиот Правилник за формата и содржината на барањето за преземање на царински дејствија, како и потребната документација и формата и содржината на барањето за продолжување на периодот за преземање на царински дејствија, со кој се предвидени нови обрасци за поедноставување на постапката за поднесување на барање од страна на носителите на правата, односно овозможено е носителите на правата со едно барање да бараат заштита на повеќе трговски марки.




## УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИ

### НАМАЛЕНИ ИЗНОСИТЕ НА КАЗНИТЕ ЗА СТОРЕН ЦАРИНСКИ И АКЦИЗЕН ПРЕКРШОК

Согласно измените на Законот за прекршоците се изврши усогласување со законите кои го регулираат царинското работење, односно значително се намалија износите на казните за сторен царински и акцизен прекршок, а со правилници се пропиша формата и содржината на мандатниот платен налог.

Намалување на горната граница на полесните царински прекршоци

| **правно лице** | **физичко лице** |
|---|---|
| 30.000 евра | 5.000 евра |
| ↓ | ↓ |
| 5.000 евра | 750 евра |




Намалување на горната граница на <u>потешките</u> царински прекршоци

| **правно лице** | **физичко лице** |
| --- | --- |
| 100.000 евра | 15.000 евра |
| ↓ | ↓ |
| 15.000 евра | 2.250 евра |

## УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЗАКОНОТ ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА

Сите закони во надлежнот на Царинската управа беа усогласени со измените на Законот за општата управна постапка, а се извршија промени со укинување на можноста за водење на второстепена управна постапка и овозможување на директно поведување на управен спор.

# 3. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

***Царинската управа на Република Македонија е посветена на воспоставување на царински систем целосно компатибилен со царинскиот систем на Европската Унија. Интензивно се работеше на реализација на Националната програма за усвојување на Acquis Communautaire, натамошно хармонизирање на законодавството и пристапување кон меѓународни конвенции.***

## ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ЕУ

### ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ НА ЕУ И ЕФТА ЗЕМЈИТЕ

На 1 јули 2015 година, Република Македонија стана дел од транзитниот систем на Европската Унија. Со пристапувањето на Македонија кон Конвенциите за заедничката транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока се обезбеди единствено движење на стоката во рамки на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка, без разлика на тоа низ колку држави и гранични премини стоката треба да транзитира. Електронската транзитна декларација со која е започнатa транзитна постапка во која било земја членка на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка е прифатлива за сите земји членки на Конвенцијата. Тоа значи дека транзитните постапки кои започнуваат во било која царинска испостава во Македонија, можат да завршат, на пример, во царинска испостава во Германија и обратно, без застој на граничните премини и без поднесување на посебна транзитна декларација во секоја попатна земја. Оваа транзитна декларација паралелно се употребува и како т.н. влезна збирна декларација при влезот во било која земја членка на Европската Унија, што е дополнително олеснување за нашите економски оператори бидејќи претходно, согласно регулативата на ЕУ задолжително требаше да се поднесе и ваков документ за секоја стока при влез во ЕУ.

Исто така, се употребува една банкарска гаранција со која се обезбедува евентуалниот долг во сите земји членки на Конвенцијата. Оваа гаранција се задолжува во појдовната испостава, електронски се следи и автоматски се раздолжува кога стоката ќе стигне во непроменета состојба во одредишната испостава.

**Република Македонија е прва од земјите во Југоисточна Европа која стана дел од европскиот транзитен систем.**

Со оглед на фактот што по пат на размена на електронски пораки податоците за стоката се достапни за сите царински испостави низ кои стоката треба да транзитира, како и на самата одредишна испостава, во истиот момент кога транзитната декларација е прифатена од страна на појдовната испостава, значително се намалува времето на престој на возилата на царинските терминали заради физички преглед на стоката зашто истиот, врз основа на анализа на ризик, може да биде планиран уште пред пристигнувањето на стоката.

Царинската управа им обезбеди можност на шпедитерите да користат бесплатна апликација за електронска обработка на транзитните декларации, достапна преку веб страната на Царинска управа со 24/7 техничка поддршка од страна на Дежурниот царински центар преку бесплатната телефонска линија 197, за сите евентуални технички пречки при спроведување на транзитната постапка.

Од аспект на евроинтеграциите, влезот во заедничкиот транзитен систем во кој членуваат сите 28 земји членки на ЕУ, четирите земји членки на ЕФТА и Турција, е клучен адут во претпристапните стратегии, би-

**Пристапувањето кон Конвенцијата за заеднички транзит значително го олеснува тргувањето со ЕУ, ЕФТА и Турција како наши најголеми надворешно-трговски партнери.**



дејќи Македонија стана дел од царинскиот систем на ЕУ уште пред да стане нејзина полноправна членка. Од економски аспект пак, значи олеснување на трговијата со ЕУ, ЕФТА и Турција, пан-европските коридори 8 и 10 ќе добијат дополнителна важност на поширок меѓународен план, Македонија дополнително ќе го унапреди својот рејтинг во извештаите на повеќе релевантни меѓународни организации.

Генерално, со заедничката транзитна постапка движењето на стоката е полесно и побрзо, царинските формалности се поедноставни, самиот транзит е поефикасен. За царинската служба, со заедничката транзитна постапка се подобрува системот за превенција и полесно се откриваат измамите, а безбедноста при спроведувањето на транзитните операции е зголемена.

Во периодот од пристапувањето - 1 јули до крајот на 2015 година во царинските испостави во Република Македонија обработени се вкупно 1.650 царински декларации во заедничката транзитна постапка (транзит од Република Македонија за ЕУ и ЕФТА земјите), а од странските царински испостави примени се вкупно 1.036 транзитни движења во кои нашите испостави се нотирани како одредишни испостави (транзит од ЕУ и ЕФТА земјите за Република Македонија). Низ територијата на Република Македонија транзитирале вкупно 434 транзитни движења во кои нашите испостави ја презедоа улогата на транзитни испостави. Заклучно со декември 2015 година, издадени се вкупно 122 одобренија на економските оператори со кои им се овозможува пристап кон НКТС и 31 одобрение на главните обврзници за користење на банкарска гаранција во заедничката транзитна постапка.

Царинската управа и понатаму продолжува посветено да работи на промоција на придобивките кои економските опеаратори ги имаат од примената на заедничката транзитна постапка.

### ЦАРИНА 2020 – Програма на Европската комисија

За Царинската управа на Република Македонија учеството во Програмата ЦАРИНА 2020 е од особена важност, бидејќи овозможува соработка, размена на информации и најдобри практики, како со царинските администрации на земјите членки на ЕУ, така и со земјите кандидати и потенцијални кандидати.

Преку учество на состаноци, семинари и работилници, членство во работни групи во телата на ЕУ, македонските царински службеници навремено се информирани за активностите кои се преземаат и планираат од страна на земјите членки, во поглед на унапредување на царинското работење, како и реализација на стратешки политики и цели на ЕУ.

Во рамки на оваа Програма, во 2015 година 41 претставник на Царинската управа доби можност да воспостави поблиски контакти со своите колеги од други земји и да разменува знаење, експертизи и искуства.

## TAIEX - Инструмент за техничка помош за размена на информации на европската комисија

- Преку инструментот TAIEX во 2015 година се одржаа неколку работилници на различни теми:
- прекугранична соработка во борбата против криминалот со возила, особено со тешка машинерија (опрема за садење и градежништво, камиони, автобуси);
- проценка на анализа на ризик и физичка и документарна контрола на изведба;
- царински постапки за поштенски сообраќај и
- ревизија на Регионалната конвенција за пан-евро-медитеранските правила за преференцијално потекло.

## EXBS - Програма за контрола на извозот и гранична безбедност при Амбасадата на САД во Скопје

Во рамки на Програмата EXBS при Амбасадата на САД во Скопје во 2015 година се одржаа 9 активности на кои учествуваа 76 учесници, од кои може да се издвојат следните обуки на тема:

- спречување на ширење на оружје за масовно уништување (со македонски инструктори);
- управување со чамци на крајбрежната стража на САД;
- места за криење во возови; справување со предизвиците при примена на транзитна контрола на стратешки стоки, без и со претовар;
- контрола на стратешката трговија и запознавање со контролниот систем за извоз на Полска;
- спречување на корупција;
- откривање нелегални активности со комерцијални моторни возила и користење на рачен рентген скенер Mini Z.

## ИПА ПРОЕКТИ

Во рамките на Националната програма за искористување на фондовите од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), Царинската управа е корисник на средства за следните проекти:



## I ПОНАТАМОШНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО СО ACQUIS

1. Хармонизација на законодавството и постапките со закодавството и добрата практика на ЕУ во областа на акцизите (ИПА 2010) кој започна во јуни 2015 година во соработка со Царинската служба на Австрија. Целта е целосно усогласување на националното законодавство поврзано со акцизите со она на ЕУ, како и зајакнување на административните и оперативните капацитети на Царинската управа во процесот на исполнување на европските стандарди во оваа област.

2. Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за Заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока (ИПА 2010) кој започна да се имплементира во втората половина на 2014 година, заедно со Царинската служба на Словенија, по воспоставувањето на НКТС. Целта на овој проект е во период од 24 месеци да се подготви регулативата и интерните процедури поврзани со имплементацијата на Конвенцијата за заеднички транзит.

## II ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Зајакнување на административните капацитети за исполнување на обврските за членство - Спроведување на правата од интелектуална сопственост (ИПА 2011) чија главна цел е да обезбеди понатамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, градење на капацитети, подигнување на јавната свест во областа на спроведувањето и заштитата на правата од интелектуална сопственост. Проектот започна во јануари 2016 година и ќе се реализира во текот на следните 19 месеци.

Твининг проектот се спроведува од страна на Канцеларијата за патенти и трговски марки на Кралството Данска, во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост и Царинската управа. Проектот го поддржуваат и во него се вклучени и Министерството за внатрешни работи, Државниот пазарен инспекторат, Академијата за судии и јавни обвинители и Министерството за култура.

## III ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА ТЕСТИРАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ИТ СИСТЕМИ

Техничка помош за тестирање на функционалностите и интерконективноста на царинските ИТ системи во Царинската управа (ИПА 2011). Целта на проектот е да обезбеди исполнување на усогласеноста со барањата на ЕУ и проверка на соодветноста на интерфејсите и интероперативност помеѓу Системот за обаработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) со Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС), Интегрираната тарифна околина (ITE) на ЕУ, Системот за контрола на увозот (ICS), Системот за контрола на извозот (ECS) и Контролниот систем за движењето на акцизи (EMCS) на ЕУ.

## IV РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ТАБАНОВЦЕ И ЌАФАСАН

Техничка помош за изработка на идеен проект, основен проект и тендерска документација за изведбени работи на граничните премини Табановце и Ќафасан (ИПА 2011). Целта е да се подготви техничка документација за надградба на на граничните премини за патен промет Табановце и Ќафасан.

Надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет Табановце (ИПА 2012). Проектот опфаќа проширување на постојниот терминал за увоз и извоз на стока за дополнителни 4.000 м2, како и изградба на придружни објекти. Градежните работи се очекува да започнат во четвртиот квартал на 2016 година и да завршат во 2018 година.

Реконструкција на објектите за царинење и инспекција на граничниот премин за патен промет Ќафасан (ИПА 2013). Проктот опфаќа нов увозно-извозен царински терминал од 9.500 м2, пристапни патишта, објекти за царинење и други инспекциски органи, а постојните објекти ќе се реконструираат. Реконструираниот премин се очекува да биде во функција во 2018 година.

Реализацијата на последните два проекти значително ќе ја подобри инфраструктурата на двата премини и ќе ја зголеми пропусната моќ на премините, ќе го намали времето потребно за вршење на граничните формалности и ќе овозможи примена на современи средства за инспекција, со што ќе се забрза и олесни стоковата размена, а воедно ќе се олесни и забрза транспортот долж Пан-европските коридори 8 и 10.

# 4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ СЕ НАЈЗНАЧАЈНИОТ КАПИТАЛ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

***Во процесот на модернизација, Царинската управа посветува големо внимание на воведување на современи принципи на управување со човечките ресурси, унапредување на системот на обуки базиран на сегашните потреби, предвидените идни предизвици, но и мотивирачки инструменти што поттикнуваат збогатување и доизградување на професионалното знаење и стручноста на царинските службеници. Сé ова треба да обезбеди константност во очекуваното квалитетно спроведување и да охрабри пројавување на самоиницијатива, нови идеи за забрзан прогрес и споделување на подалекусежни визии за иден развој.***

### ОСНОВИ

Во февруари 2015 година почна да се применува измената на Законот за Царинската управа донесена во март 2014 година, со која царинските службеници се класифицирани во 3 категории: категорија Б – раководни царински службеници, категорија В – стручни царински службеници и категорија Г – помошно-стручни царински службеници. Заради усогласување со законските измени на Законот за Царинската управа, во октомври 2015 година беа донесени внатрешните акти со кои се уреди организацијата на работа на Царинската управа и систематизацијата на работните места, со што се заокружи еден циклус на реорганизација на службата.

Директорот на Царинската управа и Самостојниот синдикат на Царинската управа, во ноември 2015 година потпишаа нов Колективен договор на Царинската управа со кој се зајакнаа правата, но и одговорностите на вработените во Царинската управа.

За континуиран успех на една институција, за развој на продуктивноста и инвентивноста на вработените, големо влијание има обуката, наградувањето и правилното управување со човечките ресурси. Во таа насока, во 2015 година беа донесени нови Правилници за системот на наградување и начинот на унапредување на царинските службеници во Царинската управа.

Исто така, донесен е и нов Правилник за службена облека, ознаки на чиновите и начинот на нејзиното доделување и користење на царинските службеници („Сл.весник на РМ“ бр. 76/15), со кој се пропиша поинаков изглед, крој и боја на службената облека,

### Мерење на социјалната клима на работното место

Мислењето на вработените за организационата структура, раководењето и професионалниот развој на Царинската управа е од особено значење за подобрување на стратегијата за развој на човечките ресурси, подобрување на квалитетот и остварување на целите и мисијата на Царинската управа. За таа цел, се спроведува анкета за социјалната клима на работното место.

Од извршената анализа на одговорите од анкетата за 2015 година, може да се заклучи дека околу 87% од вработените социјалната клима во Царинската управа ја оценуваат како одлична и добра.

**Донесени**

- **Нов Правилник за систематизација на работни места во Царинската управа,**
- **Нов Правилник за организација на работа во Царинската управа,**
- **Нов Колективен договор на Царинската управа**



**Пропишани нови, модерни и практични униформи со целосно нов изглед**

## Вработување

Единствено преку јасно и цврсто утврдени политики за управување со човечките ресурси може да се обезбеди Царинската управа да се развива како професионална служба која ќе биде способна да се носи со предизвиците кои произлегуваат од процесите на интеграции во ЕУ и ќе обезбеди остварување на поставените стратешки цели на Царинската управа.

На крајот на 2015 година во Царинската управа имаше 1.135 вработени лица. Од вкупниот број на вработени, 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), 1.014 лица со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа, 12 лица со статус на државни службеници согласно Законот за државните службеници и 107 лица се со статус на работници согласно Законот за работните односи.

Во однос на стручната подготовка на вработените во Царинската управа, на крајот од 2015 година, има 31 вработен со титула магистар (3%), 633 со високо образование (56%), 19 со вишо образование

| БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА | | | |
|---|---|---|---|
| | Организациона единица | 2014 | 2015 |
| 1. | Кабинет на генерален директор | 10 | 9 |
| 2. | Одделение за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција | 6 | 5 |
| 3. | Одделение за внатрешна ревизија | 3 | 3 |
| 4. | Одделение за царинско управна постапка и | 16 | 16 |
| 5. | Одделение за прекршочна постапка | 27 | 11 |
| 6. | Одделение дежурен царински центар | 18 | 16 |
| 7. | Сектор за управување со човечки ресурси | 17 | 19 |
| 8. | Сектор за административни и технички работи | 183 | 178 |
| 9. | Сектор за ИКТ | 28 | 29 |
| 10. | Сектор за сметководство и финансии | 39 | 39 |
| 11. | Сектор за професионална одговорност | 15 | 15 |
| 12. | Сектор за Царински систем | 29 | 41 |
| 13. | Сектор за акцизи и нетарифни мерки | 17 | 20 |
| 14. | Сектор за контрола и истраги | 91 | 92 |
| 15. | Регионална Царинарница Скопје | 214 | 215 |
| 16. | Регионална Царинарница Битола | 119 | 125 |
| 17. | Регионална Царинарница Гевгелија | 127 | 124 |
| 18. | Регионална Царинарница Куманово | 122 | 124 |
| 19. | Регионална Царинарница Штип | 54 | 54 |
| | **Вкупно:** | **1135** | **1135** |

(2%), 423 со средно образование (37%) и 28 вработени со образование од друг вид (2%). Според овие податоци, околу 56% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.




## Обуки и стручно оспособување

Системот за обуки и стручно оспособување, како клучен предуслов за успешна имплементација на стратешките и оперативни цели, се заснова на политиките за управување со човечки ресурси на Царинската управа. Континуираната обука на царинските службеници е само еден сегмент од стратешкиот приоритет Инвестирање во вработените. Царинската управа и во 2015 година своите активности ги насочи кон следниве клучни точки:

1. Раководење и следење на обуките, организирани од Царинската управа

- Одржани се основни обуки за 26 царински службеници и тоа 14 со високо и 12 царински службеници со средно образование.
- редовно се одржуваа обуки за новодонесените упатства и подготвителни активности за воведување на новите ИТ системи;
- беа реализирани 24 од планираните 31 активност на обуки и стручно оспособување предвидени со Годишниот план за обуки и стручно оспособување и усовршување за 2015 година, што во вид на обуки, курсеви за електронско учење и презентации Царинската управа самостојно ги изведува (реализација од 77.4%);
- во 2015 година беа спроведени 286 активности за стручно оспособување на царинските службеници, на кои присуствуваа 3.587 учесници.[1] Во просек секој учесник има следено обука во времетраење од 7,4 часа (7 часа и 24 минути). Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, спореден со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен

**79%**
**од вработените на Царинската управа учествувале во активности на стручно оспособување и усовршување**

**просечно по**
**3 дена обука**
**за секој вработен во Царинската управа**

1 Од 1.135 вработени (во 2015 година) 895 вработени биле учесници на овие обуки. Одредени вработени биле учесници на повеќе обуки.




биле обезбедени обуки и стручно оспособување во просечно времетраење од 23,5 часа или приближно 3 работни дена.

- Одржани обуки за:

- врската меѓу корупцијата и организираниот криминал - алатки и методи;
- неправилности и измама;
- обезбедување на интероперабилност и електронско поврзување помеѓу институциите;
- контрола на трговски друштва за употреба на акцизните маркички во внатрешен промет;
- обука за професионален развој на офицерите за спроведување на законот и развој на нивните лидерски вештини, одржана во Меѓународната академија за спроведување на закон (ILEA);
- мерење на времето за поминување на стоките преку граница;
- сузбивање и финансирање на тероризам;
- контрола на извоз на оружје.

2. Соработка со бизнис заедницата и високообразовните институции:

- Во соработка со стопанските комори, економските оператори и други институции беа одржани 21 настан во вид на советувања, презентации и обуки, на кои учествуваа 473 претставници од бизнис заедницата, како и вработени во институции чии работни процеси вклучуваат царинска постапка. Беа обработени теми од разни области:

- царински долг;
- пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит;
- правила на потекло на стоките;
- побезбедни производи и услуги на пазарот, зголемена доверба на потрошувачите;
- актуелни национални и меѓународни права и обврски во патниот транспорт;
- борба против фалсификување и пиратерија и друго.

**одржани 21 советувања, презентации и обуки на кои присуствувале**

**473 учесници од институции или бизнис заедницата**

## ИНТЕГРИТЕТ

**Интегритетот е прашање од суштествено значење, има влијание на легитимитетот и значително може да го зголеми капацитетот за ефикасно исполнување на основната мисија и визија на Царинска управа. Затоа, успешноста во справувањето со корупцијата, бескомпромисната и неселективна борба против овој вид криминал е еден од приоритетите на службата.**

Тргнувајќи од определбата на Царинската управа за успешно спречување на корупцијата, што воедно претставува и дел од стратешките Евроатлански цели и интереси на Република Македонија и во согласност со препораките содржани во Ревидираната Аруша декларација, Царинската управа во 2015 година континуирано преземаше активности за спречување на злоупотреба на службените должности и за почитување на поставените професионални стандарди за вработените.

Во март 2015 година, донесена е Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа на Република Македонија 2015-2018, со која се дефинираа одредниците за јакнење на интегритетот и развивање на концептот на проактивни мерки за намалување на корупцијата и судирот на интереси, каде приоритет се дава на превентивното делување, а кон репресија се прибегнува за корегирање на констатираните девијантни појави.

Царинската управа активно учествуваше во реализација на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2011-2015 година. Согласно Извештајот на Државната комисија за спречување на корупцијата за остварување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судир на интереси 2011-2015 година, од вкупно 11 сектори Царинската управа има највисок степен на реализација на активностите што изнесуваше 92,5% на крајот на 2015 година.




Континуирано се работеше на овозможување на нови начини за пријавување на случаите на корупција, па така од септември 2015 година, покрај бесплатната и анонимна телефонска линија 197, на веб страната на Царинската управа поставен е Нов модул за пријавување на случаи на корупција, односно online пријава за незаконско, непрофесионално и коруптивно постапување на царинските службеници.

Со поставување на анкетен прашалник на веб страната на Царинската управа, од јануари 2015 година започна истражување на мислењето и ставовите на бизнис заедницата за нивото на изложеност и присуство на корупцијата, злоупотребата на службените должности и судирот на интереси во нашата институција. Истражувањето беше промовирано пред членовите на Советодавното тело – претставници на деловната заедница на редовните состаноци и беа охрабрени да ги поттикнат своите членки да го пополнат прашалникот.




Со цел да се олесни секојдневното работење и да се обезбеди правилна примена на законската и подзаконска регулатива, на интранет страната на Царинската управа е објавен Водич за најчести грешки и пропусти во севкупното работење за 2015 година. Во 2015 година беше ревидирана и изработена Листата на ризични точки во царинското работење подложни на корупција за 2015 година, која претставува корисна алатка за перманентно и ефикасно справување со можните кршења на царинското законодавство.

Врз основа на примените поплаки кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197 во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа, во 2015 година беа спроведени 108 внатрешни истраги/контро-

ли. Притоа, во 39 случаи е утврдено основано сомнение дека царинските службеници не постапувале во согласност со позитивната законска и подзаконска регулатива. Во 2015 година беа спроведени вкупно 71 внатрешна инспекција (во 2014 година спроведени 94 внатрешни инспекции), од кои во 25 случаи беа констатирани неправилности (во 2014 година откриени 23 случаи на неправилности).

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | 2014 | 2015 |
|---|---|---|
| Централна управа | 18 | 22 |
| Царинарница Скопје | 39 | 25 |
| Царинарница Куманово | 34 | 26 |
| Царинарница Штип | 7 | 5 |
| Царинарница Гевгелија | 22 | 14 |
| Царинарница Битола | 17 | 16 |
| Вкупно | 137 | 108 |

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | 2014 | 2015 |
|---|---|---|
| Централна управа | 11 | 24 |
| Царинарница Скопје | 31 | 19 |
| Царинарница Куманово | 9 | 9 |
| Царинарница Штип | 10 | 5 |
| Царинарница Гевгелија | 14 | 9 |
| Царинарница Битола | 19 | 5 |
| Вкупно | 94 | 71 |







## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

**Внатрешната ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето.**

Во 2015 година, во Царинската управа се извршени вкупно 20 внатрешни ревизии (во 2014 година, 18 ревизии). Врз основа на извршените ревизии утврдени се 84 наоди и дадена е 91 препорака за подобрување на работењето во Царинската управа. Од вкупно дадените препораки целосно е реализирана 71 препорака, 3 препораки се делумно реализирани, една препорака не е реализирана, во тек на реализација се 4 препораки, додека на 12 препораки не им изминал рокот за реализација.

## СИНДИКАЛНИ АКТИВНОСТИ

Самостојниот синдикат на Царинската управа е доброволна организација на работници, која води грижа за правата на работниците и се залага за зачувување и унапредување на условите за работа.

Во 2015 година Самостојниот синдикат на Царинската управа активно учествуваше во подготовката и донесување на новиот Колективен договор на Царинската управа и реализираше работни посети низ царинарниците и преку непосредни контакти со членовите на Синдикатот и другите вработени во Царинската управа се запозна со условите за работа и нивните потреби.

Покрај ова, Самостојниот синдикат, по донесена одлука на годишното Собрание потпиша договор за колективно осигурување на членовите на синдикатот. На повеќемина свои членови, согласно Правилникот за користење на средства од синдикална членарина за солидарна помош им беше доделена парична помош во висина од една плата, а беа обезбедени и бесплатни билети за повеќе културно-забавни манифестации.

Во септември 2015 година во Охрид се одржаа VII-те спортски игри на кои повеќе од 180 царински работници се натпреваруваа во повеќе дисциплини (мал фудбал, кошарка, одбојка, стрелаштво, пинг-понг, шах, пикадо и влечење јаже). На овој начин Синдикатот даде свој придонес кон зајакнувањето на тимскиот дух и унапредувањето на меѓусебните односи и комуникација на вработените во Царинската управа.

*VII спортски игри*





*VII спортски игри*



*Работна посета во Царинарница Гевгелија*



*Годишно Собрание на Самостојниот синдикат*



# 5. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

## ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ И АКЦИЗНИТЕ ПОСТАПКИ

**Зголемувањето на конкурентноста на македонската економија директно зависи од олеснувањето, забрзувањето и поедноставувањето на административните постапки во државата. Тука, клучна улога играат царинските и акцизните постапки. Како и досега, така и во иднина, Царинската управа ќе продолжи со активности и мерки за намалување на трошоците и зголемување на конкурентноста на македонската економија.**

## ИЗВЕШТАЈ DOING BUSINESS НА СВЕТСКА БАНКА, ИНДИКАТОР ПРЕКУГРАНИЧНА ТРГОВИЈА

**Во најновиот Извештај Doing Business, Република Македонија кај индикаторот Услови за прекугранично тргување (Trading Across Borders) е рангирана на високото 26 место помеѓу 189 земји во светот, што претставува скок од 101 место во однос на 2007 година кога Република Македонија беше рангирана на 127 место.**

Со ова уште еднаш се потврдува дека сите проекти, мерки и активности кои во изминатиот период се преземени од страна на Царинска управа на планот на олеснување и забрзување на трговијата и транспортот добиваат верификација и поддршка и од клучните меѓународни асоцијации, како што е и Светска Банка.

Царинската управа преку свој Комитет формиран за таа цел, редовно ги следи препораките дадени во извештајот на Светска Банка и во соработка со деловната заедница презема активности за подобрување на бизнис климата во Република Македонија. Ваквата соработка води кон континуирано подобрување на условите за водење бизнис, а со тоа и на рејтингот во извештајот.

**Извештај Doing  Bussiness на Светска Банка**

| | | |
|---|---|---|
| 2015 година | 26 | ↑ Од 189 земји во светот кои се опфатени во Извештајот |
| 2007 година | 127 | |

## МЕРЕЊЕ НА ВРЕМЕТО НА ЦАРИНЕЊЕ И ПРОПУШТАЊЕ НА СТОКИ

**Царинска управа, во соработка со Светската царинска организација (СЦО) и со поддршка на USAID, спроведе Проект за мерење на времето за царинење и пропуштање на стоки согласно методологијата на СЦО.**

Проектот се реализираше во периодот јуни – декември 2015 година. Во неговото спроведување активно учествуваа претставници од Министерство за внатрешни работи – Сектор за гранични работи и миграции, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Државен инспекторат за земјоделство, Министерство за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат и Агенција за храна и ветеринарство. Исто така, заради поголема инклузивност и транспарентност на процесот на мерење, во спроведувањето на проектот учествуваа и претставници од приватниот сектор (Националниот совет за претприемништво и конкурентност, Групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори, СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ и Асоцијацијата на превозните друштва МАКАМ ТРАНС).

Основна цел на проектот е да придонесе за зголемување на ефикасноста во спроведувањето на прекуграничната трговија и генерално, подобрување на работењето на сите инволвирани учесници во процесот на поминување на стоките преку граница. Резултатите и заклучоците од извршеното мерење на јасен начин ги идентификуваа препреките во прекуграничната трговија и на таа основа беа предложени корективни мерки во областите каде треба да се работи на подобрување на ефикасноста, вклучително и на секоја поединечна активност во процесот. Реализацијата на предложените мерки и активности креирани на основа на ова истражување се очекува да го подобрат и рангот на Република Македонија кај индикаторот „Прекугранично тргување" во наредниот извештај Doing Business на Светска Банка.

## ПОЕДНОСТАВЕНИ ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ

Една од целите на Царинска управа е да ја замени во што е можно поголем степен редовната царинска постапка со поедноставена, со што ќе го олесни и забрза непреченото движење на стоката, трошоците на економските оператори во царинската постапка ќе се сведат на минимум и ќе го унапреди партнерскиот однос со деловната заедница.




Со примената на поедноставените постапки се овозможуваат следните придобивки за економските оператори:

- брзо, лесно и ефикасно спроведување на транзитот, извозот и увозот и најкратко задржување на стоката;
- се избегнуваат трошоците кои се вообичаени при редовната постапка на царинските терминали (трошоци за подготвување на декларации, трошоци за престој во терминали и трошоци за вагање);
- се намалува времето за спроведување на царинските формалности;
- царинењето може да се одвива и по ре-

довното работно време на царинските испостави, за време на викенд или празник;

- се олеснува планирањето на деловните активности;
- се гради партнерски однос со Царинската управа.

На крајот на 2015 година беа активни 228 одобренија за поедноставени постапки, од кои: 51 одобрение за локално царинење при увоз, 73 одобренија за локално царинење при извоз, 70 одобренија за овластен примач во транзит, 34 одобренија за овластен испраќач и 2 одобренија за поедноставено декларирање.

Царинската управа и во наредниот период ќе продолжи да ги промовира поедноставените постапки пред деловната заедница како еден од најефикасните модели за олеснување и забрзување на царинската постапка.

## НАТАМОШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Со оглед на фактот што царинските застапници имаат клучна улога во спроведувањето на царинските постапки, па оттука и огромно влијание врз деловната клима во една земја, Царинската управа иницира измени и дополнувања на Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки со кои дополнително се зајакнаа критериумите за добивање на одобренија и лиценци за застапување и се предвидоа задолжителни континуирани обуки за застапниците. Со овие законски измени без сомнение ќе се унапредат професионалните стандарди на царинските застапници и со тоа ќе се подобри квалитетот и ќе се забрза спроведувањето на царинската постапка.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА СЕЛЕКТИВНИ КОНТРОЛИ БАЗИРАН НА АНАЛИЗА НА РИЗИК

Во средината на 2014 година процентот на декларации доделени на т.н. „црвен" канал (физички преглед) изнесуваше 30%, додека процентот на декларации доделени на т.н. „жолт" канал (документарен преглед) изнесуваше 35%. Со цел подобрување на условите за трговија и конкурентноста на македонските компании, системот за селективни контроли базиран на анализа на ризик беше унапреден, односно со правилно насочување на царинските контроли до крајот на 2015 година се намалени физичките прегледи на 10%, а документарните на 18%, односно е постигнат подобар разултат од предвидениот (беше предвидено во рок од три години да се намалат физичките прегледи до 10%, а документарните прегледи на 25%). Постигнатите резултати и намалениот интензитет на вршење на царинска контрола, овозможуваат забрзување на царинската постапка за економските оператори кои ги почитуваат царинските и други прописи поврзани со увозот и извозот на стоки од една страна, и зголемување на ефикасноста и ефективноста во царинското работење при вршење на контроли од друга страна, без притоа да се намали ефективноста, ефикасноста и резултатите при вршењето на царинските контроли.

**Со унапредување на системот за селективни контроли - Намален процентот на физички и документарни прегледи**

| | 2014 | 2015 |
|---|---|---|
| Физички преглед % | 30 | 10 |
| Документарен преглед % | 35 | 18 |

## КОНТИНУИТЕТ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА

Обезбеден е компјутерски-податочен центар на оддалечена локација од главната локација во кој се чуваат резервни копии на податоците од критичните ИКТ системи и кој ќе овозможи брзо возобновување на податоците во случај на катастрофа, односно ќе го осигура деловниот континуитет, што е од големо значење за Царинската управа и економските оператери.

**Со воведување на концептот на заеднички гранични контроли со соседните земји, реконструкција и модернизација на граничните премини, како и со воведувањето на новиот систем за обработка на царински декларации и акцизни документи се очекува дополнителен прогрес во наредниот период.**

# Е-ЦАРИНА

## НОВ СОФТВЕР ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ

**Во текот на 2015 година продолжија активностите за развој на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи[2], кој треба да го замени постој-**

2 СОЦДАД



**ниот систем ASYCUDA. Воведувањето на модерен и софистициран систем за обработка на царинските декларации и акцизни документи е една од главните заложби на Царинската управа. Со ваков систем ќе се воведе целосно бесхартиено царинско работење и ќе се обезбеди квалитетна информатичка поддршка на обработката на царинските и акцизните документи.**

Редовната комуникација со експертите на изведувачот со цел разрешување на отворените прашања и проблеми кои се однесуваат на веќе испорачаните модули се одвиваше во текот на целата година. Воедно, направени се детални анализи и одржани се работилници со експерти на изведувачот со цел разрешување на отворените прашања.

## EXIM

**Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти – EXIM е електронски систем кој од година во година станува се пософистициран, зголемувајќи ја ефикасноста при забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на регистрирани корисници.**

### СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТАТА НА EXIM

| Опис | 2014 | 2015 |
|---|---|---|
| Број на инволвирани државни институции | 16 | 17 |
| Број на дозволи кои можат да се добијат од EXIM | 60 | 60 |
| Број на економски оператори корисници на EXIM | 5,275 | 5,893 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи преку EXIM | 79,0178 | 84,637 |
| Поднесени барања за тарифни квоти преку EXIM | 6,850 | 6,927 |
| Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM | 2,5 ч. | 3,4 ч. |

Имено, бројот на регистрирани економски оператори – корисници на системот на крајот на 2015 година е 5.893, односно е зголемен за 678 во однос на 2014 година.

Во текот на 2015 година преку апликацијата EXIM се издадени 84.637 дозволи за кои регистрираните корисници можат да аплицираат во EXIM преку 12 (од 17 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите. Постојат 60 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи и тарифни квоти кои може да се добијат од овој електронски систем, а најголем број од издадените дозволи се однесуваат на увоз на прехранбени производи (32 илјади), ветеринарни документи (15,4 илјади), потврди за органолептички преглед (11,8 илјади), согласности за царинење на стока за општа употреба (9,8 илјади) и лекови и медицински помагала (8,6 илјади). Просечното време за добивање на овие дозволи во текот на 2015 година изнесуваше 3,4 часа.

## ПОРТАЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА

**Со цел да се олеснат секојдневните активности на бизнис заедницата и физичките лица, да се заштедат времето и трошоците, Царинската управа преку Порталот за електронска комуникација, на надворешните корисници им овозможи 24/7 електронски да поднесуваат и да добиваат одговор на над 70 стандардни видови барања.**

На крајот на 2015 година во ПЕК беа регистрирани 446 надворешни корисници. Надворешните корисници преку ПЕК доставија 37.607 барања од кои 1.217 беа одобрени. Најголем дел од издадените барања се однесуваат на барање за непотполна декларација (7.572), ослободување од плаќање на увозни давачки (6.121), барање за продолжување на рок (1.671) и поедноставените постапки при увоз (1.057).

## ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО НА СТОКИТЕ

**Република Македонија има склучено договори за слободна трговија со Турција, Украина, државите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА. Трговијата со сите ЦЕФТА земји е целосно либерализирана, а согласно останатите договори само увозот на индустриските стоки е целосно либерализиран.**

## ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА И ЛИЦЕНЦИ

| СОСТОЈБА НА ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА | | |
|---|---|---|
| Вид на одобрение | 2014 | 2015 |
| ЦАРИНСКИ ОДОБРЕНИЈА | | |
| Одобрение за царинско застапување | 345 | 319 |
| Лиценца за царинско застапување | 1,216 | 1,243 |
| Царински постапки со економски ефект | 5,869 | 5,606 |
| Одобрение за увоз за облагородување | 174 | 169 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 18 | 16 |
| Одобрение за царинско складирање | 78 | 82 |
| Преработка под царинска контрола | 1 | 1 |
| Одобренија за еднократна примена | 4,793 | 5,338 |
| Поедноставени царински постапки | 236 | 230 |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 51 | 51 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 89 | 73 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 65 | 70 |
| Одобрение за овластен испраќач | 29 | 34 |
| Одобрение за поедноставено декларирање | 2 | 2 |
| Задолжителна тарифна информација | 525 | 558 |
| Одобрение за одобрен извозник | 108 | 118 |
| Одобрение за одложено плаќање на долгот | 131 | 171 |
| АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА | | |
| Акцизни дозволи | 83 | 83 |
| Одобренија за акцизно повластено користење | 329 | 342 |
| Вкупно | 8,842 | 8,670 |

**Увозот на земјоделски производи со овие земји подлежи на плаќање на увозни давачки, помалку осетливите земјоделски стоки се увезуваат без царина, а за одредени производи се пропишани тарифни квоти со укинување или намалување на царинските давачки во рамките на пропишаните количини.**

**ВКУПНО КОРИСТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА (Во милијарда денари)**

| Договорна страна | Увоз и извоз во 2014 год. | | Увоз и извоз во 2015 год. | |
|---|---|---|---|---|
| | МКД | % | МКД | % |
| ЕУ | 279,3 | 82,3 | 300,4 | 83,6 |
| ЕФТА | 1,3 | 0,4 | 1,5 | 0,4 |
| ЦЕФТА | 45,7 | 13,5 | 50,8 | 13,8 |
| Албанија | 3,2 | 0,9 | 4,2 | 1,2 |
| Б и Х | 6,4 | 1,9 | 7,8 | 2,1 |
| Црна Гора | 1,4 | 0,4 | 1,6 | 0,4 |
| Косово | 8,0 | 2,4 | 9,0 | 2,4 |
| Србија | 26,6 | 7,8 | 28,1 | 7,6 |
| Молдавија | 0,1 | 0,0 | 0,1 | 0,0 |
| Турција | 12,9 | 3,8 | 14,9 | 4,1 |
| Украина | 0,3 | 0,1 | 0,4 | 0,1 |
| Вкупно | 339,4 | 100,0 | 368,0 | 100,0 |

Надворешниот трговски промет во 2015 година каде е применет преференцијален третман изнесува 368 милијарди денари. Овој износ во однос на 2014 година е зголемен за 8,8%, кога изнесувал 339,4 милијарди денари. Најголем дел од овој промет е остварен со земјите членки на ЕУ и истиот изнесува 300,4 милијарди денари или 81,6%. Размената со земјите членки на ЦЕФТА во 2015 година изнесува 50,8 милијарди денари или 13,8% од вкупно остварениот промет со преференцијално потекло при што најголем процент отпаѓа на трговската размена со Србија.

## ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Во 2015 година преку граничните премини за патен сообраќај транзитирале над 881 илјади ТМВ

511 илјади полни,
370 илјади празни ТМВ

## ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ

**БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ (Во илјади)**

| Вид на царинска постапка | 2014 | 2015 |
|---|---|---|
| **Транзитна** | 363.0 | 320.6 |
| **Извоз** | 183.4 | 188.6 |
| Редовен извоз | 107.9 | 108.2 |
| Поедноставена постапка при извоз | 72.8 | 77.6 |
| Привремен извоз | 2.7 | 2.7 |
| **Увоз** | 417.4 | 439.9 |
| Редовен извоз | 288.8 | 300.4 |
| Поедноставена постапка при увоз | 96.0 | 107.9 |
| Царинско складирање | 6.5 | 7.4 |
| Привремен увоз | 22.9 | 21.5 |
| Увоз на привремено извезена стока | 3.0 | 2.8 |
| **Реекспорт** | 26.3 | 27.5 |
| **Вкупно** | 990.1 | 976.6 |

*не се вклучени документи од царинска постапка за уништување на стока (IMA9, IMZ9) и непотполни декларации (IMB4, IMB5, IMB7)

Најголем промет е остварен на граничните премини со Грција → околу 343 илјади ТМВ (околу 39%)

ГП Богородица → 31% од вкупниот промет

| ВКУПЕН ПРОМЕТ НА ТМВ ПО ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ (ВО ИЛЈАДИ) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Граничен премин | | 2014 | | | 2015 | | |
| | | Вкупно | | | Вкупно | | |
| | | Полни | Празни | Вкупно | Полни | Празни | Вкупно |
| Косово | Блаце | 41.9 | 59.7 | 101.7 | 35.4 | 68.2 | 103.6 |
| | Јажинце | 0.0 | 3.7 | 3.7 | 0.0 | 4.2 | 4.2 |
| | Вкупно | 41.9 | 63.4 | 105.3 | 35.4 | 72.4 | 107.8 |
| Србија | Табановце | 186.6 | 48.2 | 234.8 | 169.4 | 58.3 | 227.7 |
| | Пелинце | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| | Вкупно | 186.7 | 48.3 | 235.0 | 169.4 | 58.4 | 227.8 |
| Бугарија | Деве Баир | 24.2 | 19.7 | 43.8 | 23.7 | 20.6 | 44.3 |
| | Делчево | 16.5 | 14.8 | 31.2 | 15.8 | 16.5 | 32.3 |
| | Ново Село | 21.8 | 22.7 | 44.5 | 22.5 | 22.8 | 45.3 |
| | Вкупно | 61.9 | 57.2 | 119.0 | 62.0 | 59.9 | 121.9 |
| Грција | Дојран | 23.8 | 19.0 | 42.8 | 30.5 | 20.0 | 50.5 |
| | Богородица | 156.8 | 95.9 | 252.7 | 162.5 | 109.8 | 272.3 |
| | Меџитлија | 6.1 | 10.5 | 16.7 | 6.3 | 13.9 | 20.1 |
| | Вкупно | 186.6 | 125.5 | 312.2 | 199.3 | 143.6 | 342.9 |
| Албанија | Стење | 0.4 | 1.5 | 1.9 | 0.4 | 1.2 | 1.6 |
| | Ќафасан | 37.1 | 31.5 | 68.6 | 44.2 | 31.9 | 76.1 |
| | Св.Наум | 0.3 | 0.5 | 0.8 | 0.0 | 0.5 | 0.5 |
| | Блато | 0.5 | 1.7 | 2.2 | 0.8 | 2.3 | 3.1 |
| | Вкупно | 38.2 | 35.2 | 73.4 | 45.4 | 36.0 | 81.4 |
| **Вкупно** | | 515.2 | 329.7 | 845.0 | 511.4 | 370.3 | 881.8 |



# 6. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

***Царинската управа е важен државен орган, чија примарна функција историски гледано била наплата на царински давачки. Денес, местото и улогата на Царината во општеството во голема мера се разликува. Покрај наплатата на буџетските приходи, Царината е важна алка во синџирот на поддршка на меѓународната трговија. Модерната царинска служба има исклучително важна улога во системот за безбедност на секоја земја, таа е составен дел од системот за спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување на трговија со забранета стока и финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето, како и заштита на животната средина и културното наследство.***

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ

Царинската управа во 2015 година континуирано работеше на унапредување на системите за анализа на ризик, царинско разузнавање, контрола на трговски друштва, истраги и работата на специјалните единици.

### УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Напредокот во управувањето со ризиците резултираше со намален број на царински контроли на економските оператори кои ги почитуваат царинските и други прописи поврзани со увозот и извозот на стоки, со што се овозможи забрзување на царинската постапка, без притоа да се намали ефективноста, ефикасноста и резултатите од царинските контроли кои претходно се постигнуваа.

Заради преземените мерки во сите области на царинското работење вклучувајќи ја и областа на управување со ризици се очекува процентот на физички и документарни контроли да се намали уште повеќе со зголемувањето на обемот на извозот во наредниот период, но без никакво влијание на резултатите од извршените контроли и наплатените давачки. Се очекува процентот на физички и документарни контроли дополнително да се намали со зголемувањето на обемот на извозот, но притоа, без никакво влијание на резултатите од извршените контроли и наплатените давачки.

# ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА

## ФИЗИЧКА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА

Физичка царинска контрола претставува вршење на конкретни дејствија на царинското подрачје на Република Македонија, како што се: преглед на стока, преглед на транспортни средства, личен багаж и друга стока што патниците ја носат со себе или на себе. Царинската контрола подразбира и спроведување на службени постапки во насока на почитување на царинските прописи, како и на останатите прописи кои важат за стока која е предмет на царински надзор.

## СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ОПОЈНИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРСОРИ

Царинските службеници во повеќе од 25 акции спроведени во 2015 година спречија шверц на околу 57 килограми разни видови на дрога, од кои 50 кг. марихуана, 6 кг. хероин, 192 гр. амфетамин во прав, 80 семки канабис и др.



*Семки од марихуана, откриени во ЦИ Пошта Скопје, при контрола на пратка од Холандија преку интернет, наменета за лице од Скопје*



*На ГП Богородица - влез во државата, запленети се 2,83 кг. хероин*

*4 кг марихуана откриена на ГП Табановце во албански автомобил*



*На ГП Табановце царинските кучиња намирисаа околу 15 кг. марихуана во германски автомобил*



## СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ И РАСПРСКУВАЧКИ МАТЕРИИ И ПРЕДМЕТИ

Во 16 обиди во 2015 година спречен е шверц на над 4 илјади парчиња на оружје и распрскувачки материи и предмети, меѓу кои: пиштол, боева и ловечка муниција, петарди, ракети и огномети.



Гасен пиштол запленет на ГП Табановце - влез во државата



30 ловечки патрони пронајдени на ГП Богородица - влез во државата

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

Во 2015 година, Царинската управа во 34 случаи откри 1.404 мигранти во обид нелегално да ги преминат границите на Република Македонија.



24 мигранти откриени во ладилник контролиран на ГП Богородица - влез во државата



Двајца илегалци откриени во германско комбе при рутинска контрола на ГП Богородица - влез во државата

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ЦИГАРИ И ДРУГИ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

Во 77 акции спречен е шверц на 427.703 парчиња цигари и 399 килограми режан тутун.



120 кг режан тутун откриен на ГП Табановце - излез од државата



На ЦИ Аеродром Скопје - излез од државата откриени се непријавени 15.200 парчиња цигари



На ГП Богородица - влез во државата, откриени се непријавени 12.000 парчиња цигари



*На ГП Деве Баир при излез од државата, откриени се непријавени 30.000 парчиња цигари*

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛЕН ПРЕНОС НА ГОТОВИ ПАРИ И ЧЕКОВИ

Во текот на 2015 година, откриени се 89 обиди за нелегално пренесување на готови пари во различни валути, во противвредност од околу 1,2 милиони евра (1.017.830 евра, 37.300 американски долари, 5.400 австралиски долари, 4.950 канадски долари, 3.900 англиски фунти, 126.000 денари и 99.200 швајцарски франци).



*На ГП Меџитлија - влез од државата откриени се и одземени 126.000 денари*



*На ГП Табановце - излез од државата, во специјално направен бункер на возило откриени се 152.395 евра*

***Покрај наведените заплени, како поинтересни случаи на заплена можат да се издвојат и следните:***

- во 5 обиди спречен е шверц на 3.913 живи животни, украсни риби и желки;
- во 73 обиди спречен е шверц на 10.480 парчиња прехранбени производи, додатоци во исхрана, 14.624 кг. свежо овошје, месни и други прехранбени производи и 6.094 литри алкохолни и безалкохолни пијалоци;
- во 24 обиди спречен е шверц на околу 10 кг. и 18.387 парчиња лекови, ампули, стоматолошки и медицински материјали и помагала;
- во 49 акции спречен е шверц на околу 7кг. златен накит, околу 2,3 кг. сребрен накит и околу 10.770 парчиња бижутерија;
- во 26 обиди спречен е шверц на 8 илјади парчиња парфеми и козметика и 4 кг. средства за хигиена;
- во 340 обиди спречен е шверц на околу 176 илјади парчиња и околу 16 илјади килограми разна стока.



*3.300 аквариумски риби 600 мали желки и 10 килограми храна за желки откриени на влез во Скопје, во автомобил кој претходно остварил влез во државата од Бугарија*



*Скоро 3 кг злато пронајдено во турски автобус*

*2 британски златни монети од 1879 и 1892 година со лик на кралицата Викторија, пронајдени кај грчки државјанин на ГП Богородица - на влез во државата*









*Во Скопје откриена фабрика за целосно производство на фалсификувани спортски обувки од познати брендови*



*Поради сомнителен квалитет задржани 765 различни лекови со потекло од Индија, пријавени за увозно царинење на ЦИ Аеродром Скопје*



*Во 2015 година спречени се 3 обиди за нелегално внесување на летечки камери - дронови*

## ПРИЈАВЕНИ ДЕВИЗНИ СРЕДСТВА

Во 2015 година, на граничните премини се пријавени девизни средства во противвредност на скоро 15 милиони евра, од кои 14.761.386 евра на влез и 101.400 евра на излез од Република Македонија.

Од вкупно пријавените девизи, 12.205.709 се евра, 1.712.410 швајцарски франци, 1.095.202 американски долари, 35.960 британски фунти, 55.000 канадски долари, 20.400 австралиски долари, 425.000 норвешки круни, 66.000 валута на Западна Самоа и 28.000 македонски денари.

### Контрола на акцизни стоки во внатрешен промет

Царинската управа врши контрола на трговијата со акцизни добра во сите фази на истата (увоз, извоз, транзит, производство, складирање и продажба од акцизни складови, акцизно повластено користење ослободено од плаќање на акциза, како и трговијата на големо и мало). Во овие активности учествуваат повеќе организациони единици и служби на Царинската управа: царинарници (увоз, извоз, трговија на големо и мало надвор од акцизните складови), Сектор за контрола и истраги (мобилни единици, истраги, контрола на трговски друштва), Сектор за акцизи и нетарифни мерки и други. Царинската управа при овие активности ги користи сите расположливи човечки и материјални ресурси во рамките на своите надлежности. Со континуираното следење на трговијата со акцизни добра во сите фази од прометот, Царинската управа дава голем придонес во борбата за сузбивање на сивата економија, даночната евазија и безбедноста на потрошувачите во Република Македонија.




Основна цел на овие контроли е да се обезбедат еднакви услови за работа на сите учесници на пазарот со акцизни добра, ефикасна наплата на акцизите во сите фази од прометот на акцизни производи, заштита на крајните корисници (потрошувачи) од трговија со потенцијално небезбедни и опасни по здравјето алкохолни пијалоци.

Во 2015 година, Царинската управа 8 пати спроведе синхронизирани и координирани акции за контрола во малопродажбата на акцизни производи. Со контролите беше опфатена целата територија на Република Македонија.

Контроли беа извршени на повеќе од 400 објекти, при што се откриени неправилности во 93 случаи. Во акциите привремено се задржани околу 3.400 литри алкохол, 14 кг режан тутун и 23 кутии цигари за кои не е платена акциза и не постојат документи за здравствена исправност.

## ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА

**Документарна царинска контрола претставува проверка на веродостојноста и точноста на царинските и други документи за царинско постапување, согласно регулативата.**

Во 2015 година, во над 29 илјади случаи откриени се несоодветни документи за царинење од кои 90% се однесуваат на невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со кои била прикажана пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки. Откриени се и 644 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките, поднесени со цел избегнување плаќање на увозни давачки, околу 700 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки, 232 случаи на презентирање на други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки и избегнување на мерките на трговската политика и 33 случаи на други видови на несоодветни документи. Со поднесување на вакви невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на над 860 милиони денари увозни давачки.

| РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на документ | | Фактури (пониска вредност) | Цертификати за преференцијално потекло | Несоодветно тарифно распоредување на стоката | Други документи за пресметка на увозни давачки | Други видови невалидни документи | Вкупно |
| 2014 | Невалидни | 20,659 | 333 | 473 | 35 | 6 | 21,506 |
| | Фалсификат | 4 | 2 | 0 | 5 | 0 | 11 |
| | Други | 7,890 | 100 | 107 | 60 | 43 | 8,200 |
| | **Вкупно** | **28,535** | **435** | **580** | **100** | **49** | **29,717** |
| 2015 | Невалидни | 14,368 | 523 | 519 | 151 | 6 | 15,576 |
| | Фалсификат | 0 | 1 | 0 | 76 | 0 | 77 |
| | Други | 13,500 | 111 | 169 | 5 | 169 | 13,812 |
| | **Вкупно** | **27,868** | **644** | **688** | **232** | **688** | **29,465** |

## ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА

**Царинската лабораторија ја поддржува севкупната стратегија на Царинската управа преку точна идентификација на природата и правилно распоредување на стоките, предмет на увоз, извоз или транзит. Главна задача на Царинската лабораторија е спроведување на анализи за идентификација на мостри земени од страна на царинските службеници и издавање на мислење за тарифна класификација за анализираните мостри, во согласност со Хармонизираниот систем и Комбинираната номенклатура.**

Со развојот на Царинската лабораторија сé повеќе се менува и нејзината основна функција. Од првичното вршење на анализи за правилно утврдување и наплата на царинските и другите увозни давачки, сé поактуелна е заштитата на животната средина, здравјето и безбедноста на граѓаните преку откривање на стоки чиј увоз е ограничен или забранет.

Несоодветното тарифно распоредување има за цел распоредување во тарифна ознака со помала или без царинска стапка или стапка за ДДВ и избегнување на забрани и ограничувања за увоз на стока, утврдени со мерките на трговска политика. Со анализите е утврдено дека увозниците со несоодветното тарифирање се обиделе да избегнат царински давачки во износ од 1,2 милиони денари. Против сторителите се преземени соодветни мерки, согласно Законот.

## РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА ПО ЦАРИНЕЊЕ

**Контрола по царинење или постцаринска контрола е контрола кај трговските друштва по спроведено царинење, но и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др.**

Во 2015 година спроведени се 1.231 контрола на трговски друштва кои спровеле увозни или извозни постапки, при што се откриени 107 случаи на избегнување плаќање на царински давачки во вкупен износ од околу 69,4 милиони денари.

## КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ И ПРИЈАВИ ЗА ЦАРИНСКИ, ДЕВИЗНИ И АКЦИЗНИ ПРЕКРШОЦИ

Во 2015 година, Царинската управа поднесе 110 кривични пријави, против 123 физички и 48 правни лица. За споредба, во 2014 година поднесени се 119 кривични пријави, против 139 физички и 72 правни лица.

Во 2015 година поднесени се 1.294 прекршочни пријави, против 730 физички и 564 правни лица, од кои 1.091 за сторен царински прекршок, 88 за девизен прекршок, 112 за сторени акцизни прекршоци и 3 за повреда на права од интелектуална сопственост.

Во 2015 година решени се 1.752 прекршочни предмети и притоа на сторителите им се изречени глоби во износ од околу 120,2 милиони денари.

Во 2015 година, беа изречени 2.848 мандатни казни против 1.462 физички лица и 1.386 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 33,8 милиони денари. Во 2014 година, изречени се 2.264 мандатни казни против 1.466 физички лица и 798 правни лица, при што на стори-

| РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА | | |
|---|---|---|
| Вид на контрола | Вкупно 2014 | Вкупно 2015 |
| Контрола на трговски друштва | 72 | 89 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 56 | 46 |
| Контрола на иматели на одобренија за увоз за облагородување | 237 | 240 |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 235 | 203 |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 20 | 13 |
| Контрола на поедноставени царисннки постапки | 220 | 557 |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 58 | 69 |
| Контрола на иматели на други одобренија | 25 | 14 |
| Вкупно | 923 | 1231 |

телите им се изречени казни во висина од околу 17,9 милиони денари.

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

Во 2015 година Царинската управа продолжи со соработка и учество во меѓународни операции, состаноци и размена на искуства, меѓу кои поважни се: редовна соработка со SELEC, ZKA Balkan Info, WCO, EUROPOL преку размена на информации и учество во меѓународни операции и проекти:

### ЦАРИНСКАТА УПРАВА УЧЕСТВУВАШЕ ВО 9 МЕЃУНАРОДНИ ОПЕРАЦИИ

- GLOBAL SHIELD - следење и откривање на илегална трговија со прекурзорни хемикалии што може да се користат за производство на импровизирани експлозивни направи;
- CLEAN EARTH - идентификување, превенција и спречување на илегалната трговија со фалсификувани производи за заштита на растенијата и со опасен отпад;
- BALKAN GATE - идентификување и спречување на илегалната трговија со фалсификувани и пиратски стоки;
- WESTERLIES 3 - борба против криумчарење на амфетамини и други опојни дроги од страна на патници во воздушниот сообраќај;
- AUNT II - следење на криумчарење на мали количини на цигари;
- CATALYST - спречување на трговијата со нови психоактивни супстанции;
- WESTERN BALKAN ACTION DAY во рамки на EMPACT FIREARMS - борба против нелегалната трговија со оружје;
- SKY-NET II - борба против нелегална трговија со дрога и прекурзори во поштенски и брзи пратки;
- KNOW HOW - идентификување и спречување на увозот, извозот и транзитот на територијата на земјите членки на SELEC на сите видови на фалсификувани и пиратски стоки во комерцијални и некомерцијални пратки.

Исто така продолжена е и редовната соработка со UNODC преку лицето за контакт на UNODC за Македонија, со EU-TWIX и OLAF преку размена на информации, со царинските служби на Албанија, Бугарија, Германија, Франција, Хрватска, Србија, Косово, Турција (учество на обука за разузнавање, спроведена од страна на високи претставници на турската Царина, при што се разменети искуства и споделени најдобри практики во областа на стратешкото, тактичкото и оперативното разузнавачко работење и работа со информатори).

Царинската управа учествуваше на меѓународна работилница во Германија, за вклучување на полициските служби во Balkan Info системот заради размена на информации за борба против криумчарење на дрога.

## ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

**Во заштитата на правата на интелектуална сопственост, Царинската управа е ефикасен сервис и гарант на државата и граѓаните кој го штити здравјето и животот на луѓето, но и фискалните интереси на држава-**

**та и условите за одржување на амбиент за лојална конкуренција на пазарот.**

И во 2015 година, Царинската управа продолжи со успешно откривање и спречување на недозволена трговија и со посветена борба за заштита на правата од интелектуална сопственост преку различни активности и дејствија.

Царинската управа активно учествуваше во проект на Светската царинска организација за заштита на правата од интелектуална сопственост, но и во меѓународни мисии, операции, како што е Операцијата Balkan Gate.

По повод 26ти Април – Светскиот ден на интелектуална сопственост, во соработка со Координативното тело за интелектуална сопственост во депонијата Дрисла беа уништени 1.033 парчиња и 4 ролни (100 кг.) метража фалсификувана стока.

Во секојдневните активности поврзани со царинските мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, царинските службеници активно ја користат IPM (Interfaced Public Member) апликацијата на СЦО. Во 2015 година 539 царински службеници имаа пристап до оваа апликација (529 во 2014 година). Апликацијата е алатка за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за откривање и докажување на случаи на фалсификувани трговски марки.

Во 2015 година двојно се зголеми бројот на регистрирани барања за царинска заштита на трговски марки во однос на 2014 година. До крајот на 2015 година во Царинската управа беа регистрирани 673 трговски марки, споредбено со 345 во 2014 година.

Во 163 акции извршени во 2015 година, царинските службеници привремено задржаа скоро 1,3 милиони парчиња и 700 кг. различни видови на стока, поради основано сомневање дека истите повредуваат права од интелектуална сопственост.

Откако е потврдена повреда на права од интелектуална сопственост во 2015 година, под царински надзор беа уништени 21.626 парчиња фалсификувани козметички производи, детски играчки, текстилни производи, модни додатоци, привезоци за клучеви и др.

**Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост поднесени до Царинската управа**

Gap, Allergan, Botox, Bulgari, Chevrolet, Chanel, Louis Vuitton, iPhone, Casio, Cinderella Logo, Sleeping Beauty, Daewoo, Love Pink, Victoria's Secret, La Senza, Henri Bendel, Trussardi, Spiderman, Fisher-Price, Cacharel, Mickey Mouse logo, Minnie Mouse logo, Pluto logo, Barbie, View-Master, Matchbox, Tyco, La Viva Fruit, Scrabble, Bugatti, Range Rover, Hummel, Porsche Carrera, Porsche Cayenne, Passat, Golf, Polo, Bora, Vento, Sharan, Beetle, Lupo, New Beetle, Fox, Always, Always Duo, Ariel Brilliant, Ariel Color Activ, Automat Ariel, Isentress, Keytruda, Belsomra, Piaget, Vacheron Constantin, Baume & Mercier, Jeger-Lecoultre Organon, Ice Watch, Ice, Chloe , Luminor, Radiomir, Panerai Lancel, Roger Dubuis, Firestone, Paradontax, 212 One Ice, Carolina Herrera New York, Nina De Nina Ricci, Love in Paris, Panadol, Wilkinson, Sensodyne, Ventolin, Zinnat, Diesel Only The Brave, Disney, Disney Fairies, Pirates Of The Caribbean, Jack Sparrow, Pokemon, Minions, Zomlings, Gsk, Paco Rabanne, Bridgestone, Елкичка, Jack Daniels, Alfa Rome, New Balance, Seat, Kosmodisk, Giorgio Armani, Emporio Armani, Acqua Di Gio, Armani Code, Reebok, Superga, Motorola, Real Madrid, Durex, Neutra-activ, Scholl, Veet, Air Wick, Lannate, Winston, Tosca Blu, Hello Kitty, Hankook, Eti, Etimat, Sonicare, Saeco, Cat, Caterpillar, Zara, Timberland, Longines, Dora the Explorer, Levi's, 501,Tissot, Rado, Casio, Yves Saint Laurent, L'Home Yves Saint Laurent, Cinema, Opium, La Roche-Posay и Piuto Flips.

**ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА**

| | Вид на производи | Ед. мерка | Вкупно 2014 | Вкупно 2015 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Лекови | Парче | | 160 |
| 2 | Авто делови и опрема и сл. | Парче | 1,208 | 2,515 |
| 3 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опрема и сл. | Парче | 7,876 | 1,080 |
| 4 | Обувки и додатоци | Парче | 32,419 | 3,848 |
| 5 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 200,864 | 18,227 |
| 6 | Парфеми, дезодоранси, козметика и сл. | Парче | 546,317 | 215,91 |
| 7 | Друго | Парче | 156,618 | 1,041,345 |
| 8 | Вкупно | Парче<br>кг | **945,302**<br>**768** | **1,282,266**<br>**700** |

# 7. НАПЛАТА НА ПРИХОДИ

## НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ

Една од основните надлежности на Царинската управа е да врши пресметка и наплата или враќање на извозни и увозни давачки, даноци и други јавни давачки и надоместоци од увоз, извоз или транзит на стока.

Давачките кои ги администрира ЦУРМ се:

- царина,
- ДДВ од увоз,
- акцизи (производство, увоз и промет)
- надоместоци.

Во вкупно планираните даночни приходи за 2015 година, Царинската управа во реализацијата учествува со 69%, а останатите со реализација од 31%. Треба да се напомене дека ДДВ од увоз кој го наплатува Царинската управа вообичаено изнесува околу 87%, од вкупно нето наплатениот ДДВ, а Управата за јавни приходи е надлежна за наплата на ДДВ од промет во земјата, ДДВ на донации, како и за поврат на ДДВ.




Податоците за вкупниот Буџет за 2015 година и податоците за даночните приходи, како и планираните приходи на Царинската управа по вид на приходи кои ги прибира, се прикажани во табелата во продолжение.

### УЧЕСТВО НА ЦУРМ ВО БУЏЕТОТ НА РМ ЗА 2015 година

во милиони денари

| ВКУПНИ ПРИХОДИ на БУЏЕТОТ на РМ | 195.238,11 | Учество во Буџетот на РМ | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 95.33800 | Учество во Даночните приходи 100% | | | 100% |
| ПРИХОДИ од Царина, ДДВ, Акцизи и Надоместоци | 66.047,55 | Учество на Царина, ДДВ, Акцизи и Надоместоци 100% | | 69,3% | 33,8% |
| Приходи од ЦАРИНА | 4.843,00 | Учество во приходите од Царина 100% | | | |
| Царина | 4.843,00 | 100% | 7,3% | 5,1% | 2,5% |
| Приходи од ДДВ | 44.492,00 | Учество во приходот од ДДВ 100% | | | |
| ДДВ од увоз | 39.850,00 | 89,6% | 60,3% | 41,8% | 20,4% |
| Приходи од АКЦИЗА | 20.721,55 | Учество во приходот од Акцизи 100% | 31,4% | 21,7% | 10,6% |
| Акциза од внатрешен промет | 15.755,00 | 76,0% | | | |
| Акциза од увоз | 4.966,55 | 24,0% | | | |
| Приходи од НАДОМЕСТОЦИ | 1.500,00 | Учество во приходот од Надоместоци 100% | | | |
| Надоместоци при увоз | 633,00 | 42,2% | 1,0% | 0,7% | 0,3% |

Структурата на планираните приходи кои беа планирани за наплата од Царинската управа и нивните удели во вкупните даночни приходи од Буџетот за 2015 од една страна и вкупните приходи од Буџетот за 2015 од друга, се прикажани на следните два дијаграми:







Во 2015 година, Царинската управа оствари вкупен приход од 67.233,72 милиони денари. Овој износ е:

- поголем за 1,8% во однос на планираниот приход од 66.047,85 милион денари; и
- поголем за 6,6% во однос на остварениот приход од 63.064,52 милиони денари во истиот период од 2014 година

| План и наплата во период јануари –декември 2015, спoредбено со истиот период 2012 до 2014 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Период | План 2015 | Остварено 2015 | Остварено 2014 | Остварено 2013 | Остварено 2012 |
| јануари-декември | 66.047,85 | 67.233,72 | 63.064,52 | 61.882,98 | 64.120,14 |
| Индекс: | | Наплата/ план 2015 | 2015/2014 | 2015/2013 | 2015/2012 |
| Период 2015/14, `13, `12 | | 1,8% | 6,6% | 8,6% | 4,9% |

- Во 2015 година во однос на наплатените приходи од 2014 година, остварена е:

**ЗГОЛЕМЕНА НАПЛАТА НА:**

- **Акцизите за 15,4%,**
- **ДДВ при увоз за 2,7% и**
- **Царината за 2,6%**

**НАМАЛЕНА НАПЛАТА НА:**

- **Надоместоците за -1,1%**

## РЕШЕНИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАПЛАТА НА УВОЗНИ И АКЦИЗНИ ДАВАЧКИ

Во 2015 година, донесени се 2046 решенија за дополнителна наплата на вкупно 112,6 милион денари, од кои:

- 392 решенија за дополнителна наплата на 29,3 милиони денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки;
- 138 решение за дополнителна наплата на 11,7 милиони денари поради декларирана пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот;
- 480 решенија за дополнителна наплата на 12,2 милиони денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот и
- 1036 решенија за дополнителна наплата на 59 милиони денари по други основи.



# 8. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

*Царинската управа е посветена на креирање на високо ниво на отвореност во работењето со цел да обезбеди доверба на јавноста и да воспостави систем на транспарентност, јавно учество и соработка. Промовираме отчетност и информирање на јавноста за она што го работиме, во согласност со закон, преку обезбедување на јавна достапност на информациите на начин на кој јавноста може лесно да го најде и искористи. Тоа ја зголемува нашата ефикасност и го подобрува квалитетот на носењето одлуки.*

*Знаењето кое го поседува Царинската управа го дисперзираме во општеството. Царинската управа е максимално посветена на вклучување на сите засегнати страни во изработката на закони што придонесува за искористување на колективната стручност и информации, но е и начин да се слушне јавното мислење за подобрување на нашето работење.*



## ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

### Усно пријавување на стока без трошоци за шпедитерски услуги

Со зголемувањето на популарноста на интернет пазарувањето во Македонија, се интензивира и увозот на пратки за лична употреба кои граѓаните ги нарачуваат од светските интернет - страници. Со цел подигање на свеста на граѓаните дека постои можност да им се намалат трошоците при реализирање на царинските формалности во поглед на плаќање на надомест за шпедитерски услуги, во март 2015 година, Царинската управа започна кампања за информирање на граѓаните за можноста за поднесување усна царинска декларација, без дополнителни трошоци за шпедитерски услуги.

За таа цел беа изработени информативни брошури на македонски и албански јазик, а беше изработен и промотивен спот – анимација каде се содржани сите потребни информации за искористување на оваа можност.




### Воведено безготовинското плаќање на царинските испостави

Следејќи ги најмодерните трендови за безготовинско плаќање, а со цел обезбедување на квалитетна и брза услуга за граѓаните, Царинската управа на почетокот на 2015 година воведе можност за безготовинско плаќање на царинските и други давачки поврзани со царинското работење. Со воведувањето на оваа можност граѓаните и економските оператори веќе нема да треба да патуваат до најблискиот град или до најблиската

филијала на Македонска Пошта и комерцијалните банки, ниту пак да чекаат на ред пред нивните шалтери за да ги уплатат давачките поврзани со царинско работење (car-рински и други давачки и административни такси), бидејќи овие услуги ќе ги добиваат на едно место, во царинските испостави каде се спроведуваат царинските формалности. На територијата на Република Македонија, во 5-те царинарници се инсталирани 24 ПОС терминали кои им стојат на располагање на граѓаните, и тоа по 6 во Царинарница Скопје, Битола и Куманово, 5 во Царинарница Гевгелија и една во Царинарница Штип.

## Пријавете пари

Во декември 2015 година, Царинската управа ја реактивира кампањата за информирање на патниците кои влегуваат, излегуваат или транзитираат низ Република Македонија за нивните права и обврски поврзани со внесувањето/изнесувањето на пари во периодите на зголемена фрекфентност на патници. Во рамки на кампањата, беа изработени информативни брошури со информации за патниците за важечката царинска регулатива поврзана со пријавување пари. Покрај ова, изработен е и видео клип кој е поставен на екраните на аеродромите Александар Велики и Св. Апостол Павле. Изработени се и информативни табли со информации за патниците за важечката царинска регулатива за патнички промет, односно за дозволените количини за внесување/изнесување на тутунски и алкохолни производи, парфеми, предмети за лична употреба, лекови, миленичиња итн.

## ОТВОРЕНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА (197)




**Преку бесплатната телефонска линија 197, Царинската управа пред 13 години воведе можност за директно вклучување на граѓаните во борбата против корупцијата, криумчарењето и незаконското работење.**

Изминатата 2015 година, на отворената царинска телефонска линија (197) беа примени 9.902 повици или во просек 28 повици на ден, и тоа: „А"[3] класа – 26 повици „Б"[4] класа – 46 повици, „С"[5] класа - 758 повици и „Ј"[6] класа – 35 повици. Најголемиот дел од повиците се однесува на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на одредени царински постапки. По соодветна обработка на добиените повици на 197, надлежните служби во Царинската управа ги презедоа сите потребни активности и мерки за надминување на утврдените недостатоци во работењето.

## СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2015 година, Царинската управа прими 7 барања за пристап до информации од јавен карактер и истите беа соодветно одговорени.

## ИНТЕРНЕТ И ИНТРАНЕТ, ПРАШАЊА, ЖАЛБИ И СУГЕСТИИ

Во 2015 година интернет сајтот на Царинската управа е посетен скоро два милиони пати од околу триесет илјади корисници. Објавени се вкупно 628 различни содржини и информации на македонски, англиски и албански јазик. Преку веб сервисот "Испратете прашања, жалби и сугестии" од корисниците се добиени 869 прашања и преставки, при што на 589 прашања е одговорено, а жалбите и сугестиите се проследени до соодветните служби.

На интранет порталот на Царинската управа објавени се 904 информации за вработените во Царинската управа.

3 „А" класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа.
4 „Б" класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска Управа.
5 „С" класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.
6 „Ј" класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници



## ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

### Хуманитарна помош на три социјално загрозени семејства



По повод 14 април, Денот на Царинската управа, на сопствена инцијатива царинските службеници успешно организираа и масовно учествуваа во акција за донирање на хуманитарна помош на три социјално загрозени семејства од Куманово. Царинските службеници, секој во рамките на своите можности, донираа парични средства, прехранбени продукти и облека, наменети, пред сè за помош на 10 дечиња, од овие социјално загрозени семејства. На наша иницијатива Министерството за труд и социјална политика на семејствата им додели пакети со облека и храна, а Општина Куманово помогна во расчистување на просторот околу нивниот дом. Помошта беше доделена во пресрет на големиот христијански празник Велигден.

### 150 цариници даруваа крв

Во рамки на одбележувањето на 14 април – Денот на Царинската управа на Република Македонија, се одржа традиционална Крводарителска акција на територијата на целата држава во која 150 царински службеници ја покажаа својата хуманост и даруваа крв.

### Ден на дрвото

Традиционално, како и секоја година и овој пат, царинските службеници активно се вклучија во акцијата „Ден на дрвото" која се одржа на 2 декември 2015 година. На сите гранични премини во државата беа организирани акции за засадување на садници и заедно со претставници на пограничните служби и локалните власти од соседните земји, царинските службеници засадија околу двеста дрвца.

### Донација на запленета стока на социјално ранливите категории

Во 2015 година, во согласност со одредбите на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, по донесени одлуки за бесплатно отстапување на одземена стока од страна на Владата на Република Македонија, Царинската управа во три наврати отстапи околу 6.500 парчиња облека и 360 пара патики, кои преку Министерството за труд и социјална политика беа доделени на социјално ранливи категории и жртви на елементарни непогоди.

### ПРИЗНАНИЕ ОД USAID

Во декември 2015 година, Агенцијата за меѓународен развој на САД (USAID) на Царинската управа ѝ додели плакета - признание за континуираната поддршка и партнерство со IDEAS - Проект за унапредување на инвестирањето и извозот, чиј фокус беше унапредување на економскиот развој на Република Македонија преку зајакнување на капацитетите на владиниот и деловниот сектор. Со овој Проект Царинската управа доби поддршка во напорите за пристапување на Република Македонија кон Конвенцијата за заеднички транзит, како и помош во планирањето и спроведувањето на Студијата за мерење на времето за поминување на стоките преку границата според методологијата на Светската царинска организација.

## ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

### СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА

#### Советодавно тело

Советодавното тело, на кое во 2015 година му се приклучија 4 нови членки, и тоа Стопанската комора на Македонија – Турција, Холандската стопанска комора во Република Македонија, Македонско – бугарската стопанска комора и Унијата на германски комори за индустрија и трговија – претставништво Скопје, одржа 4 состаноци. На состаноците беа презентирани сите новини во царинското работење.

Деловната заедница предложи понатамошни активности за подобрување на состојбата на граничните премини во смисла на намалување на времето на чекање, како и подобрување на определени технички услови.



#### Средба со претставници на Советот на странски инвеститори во Република Македонија

Претставници на компании - членки на Советот на странски инвеститори и експерти на Царинската управа во март 2015 година одржаа работна средба чија цел беше преку непосреден дијалог да се изнесат отворените прашања поврзани со царинското работење и да се предложат решенија за унапредување на деловната клима. Експертите од Царинската управа ги презентираа новините во царинското работење, воведени со цел олеснување на трговијата и поедноставување на царинските постапки.



#### Состанок со увозниците и производителите на акцизна стока

Со цел продлабочување на соработката со производителите и увозниците на акцизни добра, односно тутунски добра и алкохолни пијалоци, во јули и септември 2015 година Царинската управа организираше три работни состаноци на кои присуствуваа околу 40 претставници на компании. На состаноците беа претставени новините во акцизното работење, а се разгледуваа и от-

вoрените прашања со цел нивно надминување, односно подобрување на акцизниот систем во целина.

## ЦАРИНАТА ВО КОНТАКТ СО СТУДЕНТИТЕ

### Практикантска работа

Во 2015 година на 74 студенти од факултетите со кои се склучени меморандуми за соработка, им беше овозможено преку практикантска работа да се запознаат со улогата и надлежностите на Царинската управа.

### Презентација за управување со човечки ресурси за студенти

Со цел на универзитетите да им се овозможи да воспостават центри за кариера, а на нивните студенти можност да ги надградат теоретските и практичните знаења, во април 2015 година, претставници на Царинската управа одржаа предавање за студентите на отсекот Царина и шпедиција при Факултетот за туризам и угостителство во Охрид. Студентите имаа можност да се запознаат и подетално да слушнат за системите за вработување, прераспоредување, унапредување, оценување и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници, како и законските основи за практична примена на споменатите системи во Царинската управа. Студентите покажаа голем интерес за начинот на вработување и градење кариера во Царинската управа и активно се вклучија со прашања до предавачите.

### Процесот на пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит презентиран пред студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје

Во февруари 2015 година се одржа презентација за процесот за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит (КЗТ) пред студенти на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје. На студентите им беа презентирани сите активности на Царинската управа за навремено пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит (КЗТ). Со цел унапредување на соработката на Царинската управа со образовниот систем одобрена и организирана беше и посета на студентите на УТМС на една царинска испостава каде и одблизу подетално се запознаа со царинските постапки.



### Студентите од Економскиот факултет во Скопје се запознаа со работењето на Царинската управа

Во декември 2015 година, пред студентите од Економски факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, се одржа презентација во која беше претставено работењето и постигнатите резултати на Царинската управа. Ваквите презентации се резултат на успешната соработка помеѓу Царинската управа и Економскиот факултет, но и дел од склучениот Меморандум за соработка помеѓу двете институции.

## СКЛУЧЕНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

### Со Филип Морис, Тутунски комбинат Прилеп

Со потпишување на Меморандумот за соработка, за зајакнување на координацијата и соработката во борбата против нелегалната трговија со тутунски производи во јуни 2015 година, договорните страни искажаа одлучност и посветеност за креирање ефективна рамка за соработка со цел подобрување на наплатата на буџетските приходи. Меморандумот предвидува механизми за борба против нелегалната трговија, меѓу кои се и специфични обуки за царинските службеници и размена на информации за истраги и кривично гонење на прекршителите.

### Со Агенција за храна и ветеринарство

Целта на Меморандумот за соработка, потпишан во јуни 2015 година е интензивирање на взаемната соработка на двете институции во делот на контрола на храната од животинско и неживотинско потекло и на производите кои доаѓаат во контакт со

храната, со крајна цел подобра заштита на економските, трговските, фискалните и општествените интереси на Република Македонија.



## Со Економски факултет Скопје

За интензивирање на активностите на Регионалниот тренинг центар на Светската царинска организација и унапредување на соработката со високообразовните институции, Економскиот факултет и Царинската управа, во ноември 2015 година потпишаа Меморандум за соработка. Со тоа, се овозможи научните истражувања за влијанието на измените во царинските и акцизни постапки на економијата на национално и регионално ниво да бидат еден од алатките за донесување на стратешки одлуки и натамошна модернизација на Царинската управа.



# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 125/126та Седница на Советот на Светската царинска организација

Директорката на Царинската управа учествуваше на 125/126та Седница на Советот за царинска соработка - СЦО, која се одржа во јуни во Брисел, каде директорите на царините на 179 држави членки ги разгледуваа и одобруваа препораките и извештаите на комитетите и специјализираните тела на оваа организација, определувајќи ги насоките за нивното работење во наредниот период, во насока на хармонизација на глобалното царинско работење. Делегатите го разгледаа напредокот во реализацијата на стратешките приоритети и активности на СЦО во областите на: безбедност и олеснување на меѓународната трговија, промовирање на фер, ефикасна и ефективна наплата на царинските приходи, заштита на општеството и јавното здравје и безбедност, градење на капацитети на царинските служби и промовирање на размена на податоци помеѓу сите учесници во царинските постапки. На ова заседание Советот ги определи стратешките принципи на идното делување на СЦО. Предмет на разгледување и усвојување беше и Акциониот план со препораки за работата на царинските служби во насока на постигнување на подобрување на конкурентноста на економските оператори.



## Конференција на директорите на царините од европскиот регион

Во април 2015 година, во организација на Светската царинска организација во Вроцлав, Полска се одржа Конференција на директорите на царинските управи од европскиот регион на која присуствуваше делегација на Царинската управа. На конференцијата беа предложени мерки за подобрување на методологијата за мерење на успешноста во царината, кои во најголема мера се применети и во Царинската управа, а беше договорена изработка на регионалниот стратешки план и неговото усогласување со Стратешкиот план на СЦО, кој поблиску ќе ги дефинира насоките за




развој на Царинската управа и другите управи во регионот. На маргините на конференцијата, директорот на Царинската управа одржа билатерални средби со директорите на царините на соседните држави за запознавање со тековните активности, размена на мислења за актуелните предизвици во регионот и договарање на билатерални активности, поврзани со воведувањето на системот за заедничкиот европски транзит во Република Македонија.



## Царински форум „Економски појас на патот на свилата” во Кина



Во мај 2015 година, делегација на Царинската управа на Република Македонија, учествуваше на Форум на директорите на царинските управи кој се одржа во Кина, со цел поврзување и развој на царините. На форумот присуствуваа претставници од околу 60 земји учеснички, високи претставници на сите значајни европски и светски органи-

зации поврзани со царинското работење, како и Генералниот секретар на СЦО, Кунио Микурија. По потпишувањето на Договор за соработка и олеснување на царинењето во декември 2014 година, помеѓу царинските служби на Кина, Македонија, Србија и Унгарија, директорите на четирите царински администрации потпишаа План за соработка и олеснување на царинење за 2015-2016, согласно кој се воспоставија контакт точки и механизми за соработка, олеснување и за сите други прашања што се однесуваат на спроведувањето на договорот, организирање на работилници, царински семинари и состаноци на работните групи.

## Регионална работилница за Заштита на правата од интелектуална сопственост

Во организација на СЦО, а под покровителство на Јапонската фондација за царинска соработка (CCF Japan), во март 2015 година во Скопје се одржа регионална работилница за идентификација и спречување на увозот, извозот и транзитот на фалсификувани и пиратски стоки. Царинските службеници од Македонија како земја – домаќин и Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Италија, Црна Гора и Србија имаа можност да ги споделат искуствата и подобрат знаењата за спроведувањето на заштитата на правата од интелектуалната сопственост. Целта на работилницата беше зајакнување на оперативните капацитети, подигање на свеста, ефективна селекција на пратките, базирана на анализа и проценка на ризик и разработка на техники на откривање на стока со заштитено право на интелектуална сопственост и препознавање и разликување на оригинални и фалсификувани производи. На работилницата присуствуваа и претставници на Европол, при што разменети беа искуства и предлози за понатамошна соработка.



## 28-ми состанок на Мешовитата комисија за заеднички транзит на ЕУ/ЕФТА

Делегација на Царинската управа на Република Македонија, во ноември 2015 година, за првпат во својство на полноправна членка, присуствуваше на 28-от состанок на Мешовитата комисија на ЕУ-ЕФТА за заеднички транзит и поедноставување на формалностите при трговија со стока, кој се одржа во Истанбул, Турција. На состанокот се дискутираше за функционирањето на двете Конвенции, Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) и Работната група ЕУ/ЕФТА. Делегатите го разгледаа и статусот на пристапување на Република Србија кон Конвенциите и усвоија одлуки поврзани со поканите за пристапување на Србија кон Конвенциите. На состанокот, претставник на Царинската управа одржа презентација за функционирањето на НКТС во Македонија.

## Прв состанок на Работната група за соработка во олеснување на царинењето

Претставници на Царинската управа, во март 2015 година, присуствуваа на првиот состанок на Работната група за соработка во олеснување на царинење составена од претставници на Македонија, Кина, Унгарија и Србија. Состанокот се одржа во Шангај, Кина. Работната група е формирана врз основа на потпишаниот рамковен договор за соработка во олеснувањето на царинењето помеѓу царинските служби на Кина, Македонија, Србија и Унгарија. На состанокот беа разгледани можноста за одржување на работилници за користење на современа опрема за царинска контрола, анализа на ризик и размена на искуства при спроведување на царинските постапки и олеснување и забрзување на трговијата.





## Обука од областа на контрола и истраги

Во септември 2015 година, врвни експерти од Царинската администрација на Турција одржаа обука во областа на контрола и истраги. Обуката е резултат на добрата билатерална соработка помеѓу царинските служби на Македонија и Турција. За време на обуката беа разменети искуствата и практиките на двете земји во областа на контролата и истрагите, моменталната состојба и потребите и очекувањата. Покрај ова, беа разгледани конкретните резултати од успешно воспоставената соработка во полето на размена на информации и беа разменети мислења и предлози за нејзино продлабочување во иднина.



## Донација на Амбасадата на САД (Програмата EXBS)

На 9 јуни 2015 година, Програмата EXBS на Амбасадата на САД свечено ја врачи донацијата на опрема наменета за спречување на незаконско тргување со стоки на Царинската управа и МВР. Опремата која ѝ беше донирана на Царинската управа се состои од рачен рентген скенер од најнова генерација, фиберскопи, бастери, детектори за радијација и друго.

## „Жените во безбедносните институции“

Во февруари 2015 година, во Царинската управа се одржа состанок помеѓу високи претставници на безбедносните институ-



ции на Косово (полициските служби, казнено-поправната установа, Царинската служба) и претставници на Царинската управа на Република Македонија. Состанокот беше организиран во рамки на Проектот „Жените во безбедносните институции на Косово“, поддржан од Амбасадата на Норвешка во Косово, чија цел  е подигање на свеста кај младата женска популација за придонесот на жените во безбедносните институции, како и мотивирање за избор на професија во униформа.

## Средби на шефовите на граничните премини на соседните држави

Во 2015 година, меѓународниот ден на Царината беше посветен на темата „Кооординирано гранично управување“. По тој повод, на иницијатива на македонската царинска служба, на сите граници, шефовите на граничните премини, во духот на добрососедските односи одржаа билатерални средби со своите колеги од царинските служби на соседните земји. На средбите се разговараше за продлабочување на воспоставената взаемна соработка, како и за други теми од заеднички интерес.




Светската царинска организација традиционално, преку своите членки, меѓу кои е и македонската царинска служба и оваа година додели благодарници на лица и организации кои придонеле за подобрување на координираното гранично работење. За одлична соработка помеѓу царинските служби со Србија и Косово беа доделени 5 благодарници. За извонредна оперативна соработка во делот на размена на информации од взаемен интерес благодарници им беа доделени на 3 царински испостави од Србија и на две царински испостави од Косово. Благодарница му беше доделена и на Регионалниот центар за гранични работи Север при Министерството за внатрешни работи.

| | |
|---|---|
| ПОДГОТВУВА И ИЗДАВА | ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>Ул. Лазар Личеновски 13, 1000 Скопје<br>www.customs.gov.mk |
| ДИЗАЈН И ПЕЧАТИ | ЕВРОПА 92 - КОЧАНИ |
| ТИРАЖ | 150 |